Врз основа на  член 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија „(Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/2022) Советот на Општина Чучер-Сандево распишува

# Ј А В Е Н   П О В И К

**за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**

1. За членови на Надзорен Одбор во ЈКП „Скопска Црна Гора" с.Мирковци, кандидатите мора да ги исполнуваат следните услови:
   -да е државјанин на Република Северна Македонија;
   -да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
   -во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
2. Покрај исполнувањето на наведените услови кандидатите треба да имаат и работно искуство од областа:
   -еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие согласно со Националната класификација на дејностите -на Државниот завод за статистика;
   -еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење;
   -еден член треба да има најмалку пет години работно искуство во областа на правните работи;
3. Мандатот на избраните членови е четири години со право на уште еден последователен мандат.
4. Висината на надоместокот на избраните членови на Надзорен одбор на јавното Комунално Претпријатие ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.
5. Доказите за исполнување на бараните услови да се доставуваат до архивата на Општина Чучер-Сандево Ул.4 Бр.6 с.Кучевиште, во оригинал или копија заверена на нотар.
6. Роки за пријавување 5 дена од денот на објавата.

7. Комисијата за селекција по јавен повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставѕува предлог листа од најбрзо рангираните кандидати до Советот на Општина Чучер-Сандево.
8. Советот на Општина Чучер-Сандево во рок од 15 дена од денот на доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе Одлука за именување на членови на Надзорен Одбор на ЈКП„ Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево.
9. Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Чучер-Сандево, огласна табла на Општина Чучер-Сандево.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**